УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ “ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ
UNIVERSITY “GOCE DELCEV ” SHTIP
FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES

# ОБРАЗОВАНИЕТО ВО XXI ВЕК
# – СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ –

## МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
### – ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ –

# EDUCATION IN XXI CENTURY
# – CONDITIONS AND PERSPECTIVES –

## INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE
### – PROCEEDING BOOK –

Штип, 24 – 25 Септември, 2015
Shtip, September, 24-25, 2015

fesconference@ugd.edu.mk

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ “ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ
UNIVERSITY “GOCE DELCEV ” SHTIP
FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES

# ОБРАЗОВАНИЕТО ВО XXI ВЕК – СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ –

## МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

**Штип, 24 – 25 Септември, 2015**

**– ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ –**

# EDUCATION IN XXI CENTURY – CONDITIONS AND PERSPECTIVES –

## INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

**Shtip, September, 24-25, 2015**

– PROCEEDING BOOK –

Штип, 2016

**Издавач / Publisher**

| | |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев“ Штип | University ”Goce Delcev” - Stip |
| Факултет за образовни науки | Faculty of Educational Science |

**За издавачот / For publisher**

Проф.д-р Соња Петровска, декан / PhD Sonja Petrovska, Dean

**Издавачки совет / Publishing council**

| | |
|---|---|
| проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blazo Boev, PhD |
| проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, PhD |
| проф. д-р Кирил Барбареев | Prof. Kiril Barbareev, PhD |
| проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, PhD |

**Главен и одговорен уредник / Editor in chief**

| | |
|---|---|
| Проф.д-р Соња Петровска | PhD Sonja Petrovska |

**Технички уредник / Technical Editing:**

| | |
|---|---|
| Доц. д-р Верица Јосимовска | Ass. Prof. Verica Josimovska, PhD |
| Доц. д-р Билјана Попеска | Ass. Prof. Biljana Popeska, PhD |
| Доц. д-р Деспина Сивевска | Ass.Prof. Despina Sivevska, PhD |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |

**Јазично уредување / Language Editor:**

Виолета Карагунова / Violeta Karagunova (Macedonian language)
Снежана Кирова / Snezana Kirova (English language)

**Дизајн / Design:**

Славе Димитров

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37"20"(082)(048.3)
МЕЃУНАРОДНА научна конференција (2015 ; Штип)
Образованието во XXI век [Електронски извор] : состојби и перспективи : книга на апстракти / Меѓународна научна конференција, Штип, 24-25 септември, 2015 = Education in XXI century : conditions and perspectives : book of abstracts / International scientific conference, Shtip, September, 24-25, 2015. - Текст во PDF формат, содржи 100 стр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки = Shtip = University "Goce Delcev" Shtip, Faculty of educational sciences, 2015

Начин на пристап (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.12.2015. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-244-275-4
1. Насп. ств. насл.. - I. International scientific conference (2015 ; Shtip) види Меѓународна научна конференција (2015 ; Штип)
а) Образование - 21 в. - Зборници - Апстракти
COBISS.MK-ID 100254474

## Organizers:

**University ”Goce Delcev” - Stip**
**Faculty of Educational Sciences**
**Republic of Macedonia**

## Organizing Committee:

**Sonja Petrovska,** Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Todor Cepreganov**, Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Nikola Smilkov**, Art Academy, University Goce Delcev Stip, Republic of Macedonia
**Kiril Barbareev**, Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Despina Siveska**, Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Biljana Popeska**, Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Traj;e Stojanov**, Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Irena Kitanova,** Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Oliver Cackov**, Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Jadranka Runceva**, Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia
**Verica Josimovska,** Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev“ in Stip, Republic of Macedonia

## Editorial board:

**Ph.D Leonid F. Chuprov,** Russian Academy of Natural History (RANH, Moscow), Chernogorsk, Russia
**PhD Mark R. Ginsberg,** College of Education and Human Development at George Mason University, Fairfax, Virginia, USA
**Ph.D Ivan Prskalo,** Faculty of Teacher Education, University of Zagreb, Croatia
**PhD Milan Matijević,** Faculty of Teacher Education, University of Zagreb, Croatia
**Ph.D Sinisa Opic**, University of Zagreb, Croatia
**Ph.D Tamara Gazdic-Aleric,** Faculty of Teacher Education, University of Zagreb, Croatia
**PhD Zaharnytska Iryna Ivanivna,** Institute of the Child Development, National Pedagogical Dragomanov University, Kiev, Ukraine
**PhD, Lutsenko Iryna Oleksiivna,** Department of Children’s Creativity, Institute of the Child Development, National Pedagogical Dragomanov University, Kiev, Ukraine
**PhD Sukhorukova Halyna Viktorivna,** Department of Children’s Creativity, Institute of the Child Development, National Pedagogical Dragomanov University, Kiev, Ukraine

**PhD Kot Nataliia Mykhailivna,** Department of Theory and History of Preschool Pedagogy, Institute of the Child Development, National Pedagogical Dragomanov University, Kiev, Ukraine
**PhD Anna Studenska**, Faculty of Ethnology and Educational Science, University of Silesia, Poland
**Phd Alina Szczurek-Boruta**, Faculty of Ethnology and Educational Science, University of Silesia, Poland
**PhD Stojan Bogdanovic,** University of Nis, Serbia
**PhD Stojan Cenikj,** Teaching Faculty, Vranje, University of Nis, Serbia
**PhD Stana Smiljkovikj,** Teaching Faculty, Vranje, University of Nis, Serbia
**PhD Emina Hebib,** Faculty of philosophy, Belgrade, Serbia
**PhD Živorad Milenovic**, Teaching Faculty, Ieposavic, University of Kosovska Mitrovica, Serbia
**PhD Prof.Iliana Petkova,** Faculty of Education, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Sofia, Bulgaria
**PhD Trayan Popkochev,** Sout-West University "Neofit Rilski" Blagoevgrad, Bulgaria
**PhD Krasimira Mutavchieva,** Trakiski Univerzitet, Faculty of Pedagogy, Stara Zagora, Bulgaria
**PhD Eleonora Mileva,** Teaching Faculty, National Sports Academy "Vasil Levski", Sofia. Bulgaria
**PhD Anzhelina Yaneva**, Sports Department, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Sofia, Bulgaria
**PhD Veselina Ivanova**, Faculty of Education, Trakia University, Stara Zagora, Bulgaria
**PhD Elka Kirilova Yanakieva**, Faculty of pedagogy, Southwest University of Neophyte Rilski, Blagoevgrad, Bulgaria
**PhD Margarita Koleva**, Faculty of pedagogy, Southwest University of Neophyte Rilski, Blagoevgrad, Bulgaria
**PhD Nino Mihajlov**, Faculty of pedagogy, Southwest University of Neophyte Rilski, Blagoevgrad, Bulgaria
**PhD Tatjana Novovic,** Faculty of Philosophy, University of Niksic, Montenegro.
**PhD Sonja Petrovska,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Emilija Petrova Gorgeva**, Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Snezana Mirascieva,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Snezana Stavreva Veselinovska,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Stevan Aleksoski,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Blaze Kitanov,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Nikola Smilkov,** Art Academy, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Todor Cepreganov,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Snezana Jovanova Mitkovska,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Kiril Barbareev,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Despina Sivevska** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Biljana Popeska,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Trajce Stojanov,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Trajce Nacev,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Stojko Stojkov,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**MSc Snezana Kirova**, Faculty of Philology, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**MSc Lence Nasev**, Academy of Music, University Goce Delcev Stip, Macedonia

LADIES AND GENTLEMEN, DEAR GUESTS!



With great honor and pleasure I welcome You on behalf of all teachers, associates, employees and students of the Faculty of Educational Sciences at the University “Gotse Delchev” in Shtip and I wish You pleasant moments during this solemn event organized to mark 20 years of university education of teachers.

But in fact, the Faculty of Educational Sciences basis its twenty years of existence on 146 year continuous development of formal education of teachers and preschool teachers in the region. The achievements of the Pedagogical-Seminary school founded in 1869, the existence of which is linked to the name of the creator of the first primer and the first textbook for teachers - School Pedagogy - Josif Kovachev, and to the name of the great teacher Gotse Delchev, followed by the School for Teachers established in 1946, Higher Pedagogical School founded in 1959, and the Pedagogical Academy (1961) are woven into the tradition and development of our Faculty.

In 1995 the two-year formal education of teachers and preschool teachers developed into four-year university studies.

In 2007 the Pedagogical Faculty became part of the State University "Goce Delchev" in Shtip, said to be the fastest growing university in Macedonia.

Following the global trends in teacher education, modern trends in education policymaking in Europe and in the world, respecting the knowledge of the history of civilizations as an important intellectual resource for social development, as well as scientifically and experientially diagnosed educational challenges that have emerged as a result of deep changes of values in our society and globalization trends (scientific, educational, technological, and economic) the Faculty of Educational Sciences has designed study programs for I, II and III cycle of studies in accordance with the organizational - pedagogical quality standards in compliance with the principles of the Bologna Declaration and European credit-transfer system with a high level of recognition in the area of European Higher Education.

If 20 years ago our Faculty started to implement teaching with 5 PhDs and 3 masters as regular employees, today we can proudly say that our academic community is comprised of 20 PhDs and one master.

Today our students have the opportunity to educate themselves at the faculty which sees its future as a continuous development aimed at:

- Strengthening and expanding international partnerships
- Popularization of mobility of students and staff,
- Internationalization and improvement of scientific research work,
- Improvement of pedagogical approaches to teaching and links with practice, putting students at the center of the educational process.

**Ladies and Gentlemen,**

I take this opportunity to thank you for coming today to celebrate with us the teaching profession and our contribution to it.

We are quite aware that the road to success is long and winding and it is easier to travel with joint forces. That is why we wanted to mark this celebration by organizing a scientific conference dedicated to education in the 21st century. Let us share our knowledge, understanding and experiences regarding the situation and perspectives and suggest possible ways of modernization. 89 papers have been submitted and there are authors from 8 countries. This is really promising!

Once again, I wish you all a warm welcome and successful work.

Dean,
Prof. d-r Sonja Petrovska
24. 09. 2015., Stip

**ПОЧИТУВАНИ ...**

Со голема чест и задоволство, Ве поздравам во името на сите наставници, соработници, вработени и студенти на Факултетот за образовни науки при Универзитетот Гоце Делчев во Штип и Ви посакувам пријатни моменти во текот на оваа свечена манифестација организирана по повод 20 годишно факултетско образование на наставници и воспитувачи.

Факултетот за образовни науки своето постоење го темели на 146 годишниот континуиран развој на формалното образование на наставници и воспитувачи на овие простори. Во традицијата и развојот на нашиот факултет се вткаени достигнувањата на Педагошко-богословското училиште основано во 1869 год. Со чие постоење се врзува името на творецот на првиот буквар и првиот учебник за наставници – Школска педагогија – Јосиф Ковачев, и името на големиот учител Гоце Делчев, па Учителската школа основана во 1946 год, Вишата педагошка школа формирана во 1959 год, Педагошката академија (1961 год.).

Во 1995 година формалното двегодишно образование на наставници и воспитувачи прераснува во четиригодишно факултетско образование.

Во 2007 година Педагошкиот факултет стана дел на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кој го носи епитетот најбрзорастечки Универзитет во Р Македонија.

Следејќи ги глобалните тенденции во образованието на наставници, современите тенденции во креирањето на образовните политики во Европа и во Светот, респектирајќи ги знаењата за историјата на цивилизациите како значаен интелектуален ресурс за општествениот развој, како и научно и искуствено дијагностицираните воспитни предизвици кои се појавија како резултат на длабоките вредносни промени во нашето општество и глобализациските тенденции (научни, образовни, техничко-технолошки, економски) ФОН дизајнираше студиски програми за I, II и III циклус на студии согласно организациско –

педагошки стандарди за квалитет, согласно принципите на Болоњската декларација и Европскиот кредит-трансфер систем, со високо ниво на препознатливост во Европскиот високообразовен простор.

Ако пред 20 години нашиот факултет започна да ја реализира наставата и вежбите со 5 доктори на науки и 3 магистри, како редовно вработени, денес со гордост можеме да кажеме дека оваа академска заедница ја сочинуваат 20 доктори на науки и 1 магистер.

Денес нашите студенти имаат можност да се образуваат на факултет кој својата иднина ја гледа како континуиран развој во насока на:

- зајакнување и проширување на меѓународните партнерства,
- омасовување на мобилноста на студентите и на вработените,
- интернационализација и подобрување на научно-истражувачката работа,
- унапредување на педагошките пристапи во наставата и врските со практиката, поставувајќи ги студентите во центарот на образовниот процес.

**Почитувани присутни,**

Ја користам оваа прилика, да ви се заблагодарам што дојдовте денес заеднички да го чествуваме учителското дело и нашиот придонес во него.

Ние сме сосема свесни дека патот до успехот е долг и кривулест но и дека полесно се патува со заеднички сили. Затоа ова наше празнување сакавме да го одбележиме со Научна конференција посветена на образованието во 21 век, да ги споделиме нашите знаења, разбирања и искуства во врска со состојбите и перспективите како и да предложиме можни начини за негово осовременување.

Уште еднаш, На сите Ви посакувам топло добредојде и успешна работа!

Декан,
Проф. д-р Соња Петровска
24. 09. 2015. година Штип

## TABLE OF CONTENTS


1. СО КВАЛИТЕТНИ ПРОМЕНИ ДО ПОКВАЛИТЕТНО УЧИЛИШТЕ
**Блаже КИТАНОВ**……………………………………………………………….........5
2. LANGUAGE CULTURE – A SEGMENT OF LANGUAGE EDUCATION
**Violeta NIKOLOVSKA**…………………………………………………………….......9
3. RESEARCH TRENDS IN EDUCATION IN MULTICULTURAL ENVIRONMENTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Elizabeta TOMEVSKA-ILIEVSKA,Emilija SIMONOVSKA JANACKOVSKA, Sadudin SADIKI**………………………………………………………………....15
4. USING AUTOMATIC TEXT CATEGORIZATION TECHNOLOGIES IN THE MODERN EDUCATIONAL PROCESS
**Anna GLAZKOVA**…………………………………………………………….…23
5. THE ROLE OF BUSINESS SCHOOL IN THE POST-GRADUATE EDUCATIONAL SYSTEM
**Nikita RAVOCHKIN**……………………………………………………….…….27
6. FORMATION OF ETHICAL RULES (CODE) IN PRESCHOOLERS THROUGH THE BULGARIAN CHILDREN'S FOLKLORE GAMES
**Julia DONCHEVA**……………………………………………………….….…32
7. FORMATION OF HUMAN POTENTIAL: INSTITUTIONAL MECHANISMS AND POLICIES
**Stanka RINKOVA**……………………………………………………….….…36
8. THEORETICAL FORMULATION AND SCIENTIFIC JUSTIFICATION OF THE PROBLEM OF TRAINING TEACHERS IN TECHNICS, TECHNOLOGY AND ENTREPRENEURSHIP
**Tsvetana KOSTADINOVA ANTIPESHEVA**……………………………….….41
9. INTERACTIVITY IN TEACHING STUDENTS MODERATORS
**Kosta KOSTOV, Silvia KYUCHUKOVA, Hristina MILCHEVA**…………….....45
10. EVALUATION OF STUDENTS' LEARNING UNDER THE PRISM OF EXPECTED OUTCOMES
**Teuta SHABANI, Suzana NIKODINOVSKA BANCOTOVSKA**…………….…49
11. COMMUNICATION IN THE TEACHING PROCESS. INTERACTIVE NATURE OF COMMUNICATION
**Valentina VASILEVA**……………………………………………………….57
12. PHYSICAL ACTIVITY OF 3-4 YEARS OLD CHILDREN IN KINDERGARTEN
**Filip SHABANSKI**……………………………………………………………...60
13. MACEDONIAN LANGUAGE IN SECONDARY EDUCATION
**Liljana MAKARIJOVSKA, Zhaklina GJORGIJOSKA**…………………….....64
14. STUDENTS' ATTITUDES TOWARDS TEACHING GRAMMAR IN THE FOREIGN LANGUAGE CLASSROOM
**Vesna KOCEVA, Marija TODOROVA**…………………………………………69
15. FOREIGN LANGUAGE CLASSROOM ANXIETY
**Marija TODOROVA, Vesna KOCEVA**.....................................................................75
16. TEACHERS AS A FACTOR FOR THE DEVELOPMENT OF KEY COMPETENCE CULTURAL EXPRESSION AMONG STUDENTS
**Svetlana PANDILOSKA GRNCHAROVSKA, Fadbi OSMANI, Gordana STANKOVSKA**…………………………………………………………...…82
17. INTRODUCTION OF THE DUAL SYSTEM IN THE BULGARIAN VOCATIONAL EDUCATION – REALITY AND CHALLENGES
**Svetlana NIKOLAEVA**…………………………………………...……………86

18. THE VALUES OF EDUCATIVE FUNCTION IN RELATION PARENT-SCHOOL
**Ardita CEKA, Rabije MURATI**……………………………………………………….89
19. ELECTRONIC VERSUS TRADITIONAL TEST FOR MATHEMATICS IN PRIMARY SCHOOLS
**Katerina PANEVA**……………………………………………………………….93
20. THE SIGNIFICANCE OF LOCALLY DEVELOPED EDUCATIONAL SOFTWARE IN THE PROCESS OF SCHOOLS' COMPUTERIZATION
**Olga SAMARDJIKJ JANKOVA**………………………………………………...99
21. THE ACTIVITY OF MUSICAL GAMES FOR CHILDREN
**Mujeser ILJAZI**…………………………………………………………………105
22. THE PATIENT IN THE PROCESS OF LEARNING IN HIGHER MEDICAL SCHOOL
**Silvia KYUCHUKOVA**…………………………………………………………110
23. INFORMATION AND COMMUNICATION TECHNOLOGIES IN TEACHING MUSIC EDUCATION
**Lence NASEV**……………………………………………………………………113
24. LEISURE TIME AND SPORT ACTIVITIES OF STUDENTS FROM THE FACULTY FOR PRESCHOOL AND PRIMARY SCHOOL EDUCATION AT SOFIA UNIVERSITY "ST. KLIMENT OHRIDSKI" – BULGARIA
**Georgi IGNATOV**……………………………………………………………….116
25. PLACE OF LIVING AS A FACTOR IN ORGANIZING STUDENTS' LEISURE TIME
**Despina SIVEVSKA, Biljana POPESKA**……………………………………….122
26. METHODICAL APPROACH TO LEARNING ABOUT THE HOLOCAUST BY THE MODEL OF YAD VASHEM SCHOOL
**Zhivorad MILENKOVIC**………………………………………………………..129
27. A HERMENEUTIC READING OF A POETIC LITERARY WORK DURING IMPLEMENTATION OF A LESSON
**Milena RISTOVA-MIHAJLOVSKA**……………………………………………...136
28. SOME GUIDELINES FOR INTELLECTUAL PREPARATION DURING PHYSICAL CONTACT BETWEEN THE INSTRUMENT AND THE PIANIST
**Angele MIHAJLOVSKI**…………………………………………………………..142
29. IMPLICATION OF EFFECTIVE SCHOOL MANAGEMENT FOR THE CONTINUING PROFESSIONAL DEVELOPMENT OF TEACHERS
**Kristinka OVESNI, Emina HEBIB, Vera RADOVIĆ**……………………………..148
30. THEORIES, SOCIAL EXPERIENCES AND PRACTICE IN INTERCULTURAL PEDAGODY
**Alina SZCZUREK-BORUTA**……………………………………………………..157
31. TEACHERS' ASSESSMENTS OF CERTAIN CURRICULAR DETERMINANTS IN PRIMARY SCHOOL
**Milan MATIJEVIĆ, Siniša OPIĆ, Goran LAPAT**………………………………162
32. THE SOCIO-POLITICAL IMPACT OF THE NEW SCIENTIFIC AND EDUCATIONAL TRENDS IN ARCHAEOLOGY, HISTORY AND RELATED FIELDS
**Ljuben TEVDOVSKI**……………………………………………………………....172
33. THE PRACTICE OF TAEKWONDO AS A PREDICTOR OF MOTOR ABILITIES
**Ivan PRSKALO, Anamaria RADIĆ**……………………………………………..178
34. THE RELATION MOTIVE - TEACHING CONTENT IN STIMULATING COGNITIVE ABILITIES THROUGH ARTISTIC ACTIVITIES AT PRESCHOOL AGE
**Maja RAUNIK KIRKOV**…………………………………………………………182
35. CONTEMPORARY ADULT LITERACY MODELS
**Elena RIZOVA, Zoran VELKOVSKI**……………………………………….......188

36. COMPARATIVE ANALYSIS OF PROGRAMS FOR PRE-SCHOOL EDUCATORS IN EUROPE
**Kiril BARBAREEV, Alma TASEVSKA**……………………………………………….196
37. INCLUSIVE EDUCATION - ROLE OF THE TEACHER AND BENEFITS
**Sonja PETROVSKA**……………………………………………......……………...203
38. THEORETICAL APPROACHES TO MODERN INTERPRETATION OF PEDAGOGY OF PHYSICAL EDUCATION AND SPORTS
**Eleonora MILEVA**…………………………………………………………...........210
39. POSTMODERN CONCEPTS OF FOUCAULT'S EDUCATION AND ITS RELATIONSHIP WITH DISCIPLINE
**Kushtrim AHMETI**…………………………………………………..………….215
40. ECOLOGY – A NECESSARY FACTOR IN TEACHING METHODS FOR NATURE AND SOCIETY STUDIES FOR FORMING A RESPONSIBLE PERSON
**Oliver CACKOV, Tatjana GREGOVA**................................................................219
41. THE ISSUE OF RESPECTING THE DEVELOPMENTAL POSSIBILITIES AND ACTIVITY-PLANNING IN EARLY CHILDHOOD DEVELOPMENT
**Alma TASEVSKA, Kiril BARBAREEV**……………………………………………….223
42. INTEGRATION OF INFORMATION AND COMMUNICATION TECHNOLOGIES INTO PRESCHOOL EDUCATION
**Tatyana V. NIKULINA**………………………………………………………………….228
43. WHAT SHOULD MODERN SCHOOL LEARN
**Snezana KIROVA, Dragana KUZMANOVSKA, Biljana IVANOVA**……………...233
44. EDUCATIONAL FUNCTION OF THE SCHOOL IN CONTEMPORARY SOCIETY
**Emilija PETROVA GORGEVA, Mitko KOCEV**....................................................238
45. SOME METHODS IN TEACHING PHYSICAL AND HEALTH EDUCATION
**Marjan MALCEV**………………………………………………………………………...243
46. REVIEW OF ADOLESCENT LITERATURE THROUGH COMPARATIVE ANALYSIS OF THE NOVELS "THE BLUE PATH OF LOVE" BY METODI MANEV AND "VOICE OF LOVE" FROM GROZDANA OLUJIC
**Jovanka DENKOVA**…………………………………………………………………....247
47. INTERPRETATION OF A LYRIC POEM IN IV AND V GRADE
**Blaze KITANOV, Irena KITANOVA**…………………………………………………..253
48. TRAINING EFFICIENCY OF CYCLISTS SPECIALIZED IN ROAD CYCLING
**Ivan KOLEV**…………………………………………………………………………...258
49. PHYSICAL EDUCATION AND DIAGNOSTIC PROCEDURES
**Veselina IVANOVA, Galena TERZIEVA**……………………………………………..262
50. PROTECTION OF IMMOVABLE CULTURAL HERITAGE THROUGH EDUCATING STUDENTS OF PRIMARY AND SECONDARY EDUCATION
**Trajce NACEV, Dragan VESELINOV**………………………………………………...265
51. FORMATION OF TOLERANCE IN ADOLESCENTS
**Valentina VASILEVA**…………………………………………………...…….271
52. NEW EDUCATIONAL POLICIES AND THEIR REFLECTIONS ON SOCIAL DEVELOPMENTS
**Daniela KOCEVA, Snezana MIRASCIEVA**………………………………………….275
53. PRESENCE OF ENTREPRENEURSHIP IN PRIMARY EDUCATION IN MACEDONIA
**Lulzim MEHMETI**……………………………………………………………………….280
54. CONSONANT /J/ IN COLLOQUIAL SPEECH AND ITS IMPACT ON WRITING
**Blaga PANEVA**………………………………………………………………………....284
55. METHODICAL STRUCTURE OF A LESSON FOR INTERPRETATION OF A FAIRY TALE
**Irena KITANOVA**……………………………………………………………....….289

56. THE INFLUENCE AND THE EFFECTIVENESS OF FORMATIVE ASSESSMENT AND THE FEEDBACK IN STUDENTS' SUCCESS AND ACHIEVEMENTS
**Valdeta ZENUNI-IDRIZI**……294
57. AESTHETIC EDUCATION OF EDUCATORS AS A FUTURE CHALLENGE
**Valentina PAJAZITI, Vlora MARKU-TUQI**……299
58. SOCIAL AND COMMUNICATIONAL-INTERACTIVE COMPETENCES OF TEACHERS AND STUDENTS IN EDUCATION
**Florina SHEHU**……302
59. INFLUENCE OF MEDICINES ON THE COGNITIVE SKILLS OF CHILDREN WITH CHRONIC DISEASES
**Elena IVANOVA BUYUKLIEVA**……308
60. THE SPIRITUAL ASPECT OF HUMAN DEVELOPMENT AND THE EDUCATION IN XXI CENTURY
**Eleonora PENCHEVA**……312
61. RESEARCH IN TEACHING PRACTICE
**Snezana JOVANOVA-MITKOVSKA**……316
62. HOW ARE PEACE AND TOLERANCE REPRESENTED IN HISTORY TEXTBOOKS FOR PRIMARY AND SECONDARY EDUCATION
**Todor CEPREGANOV, Sonja NIKOLOVA**……324
63. ETHICS AS TEACHING
**Trajce STOJANOV**……330
64. RISK ASSESSMENT OF HYGIENIC AIR QUALITY UPON PRESCHOOL CHILDREN'S HEALTH IN KINDERGARTEN "VERA CIRIVIRI TRENA" IN SHTIP
**Snezana STAVREVA VESELINOVSKA**……335
65. ABOUT SOME EDUCATIONAL GOALS IN TEACHING-SOCIO-CULTURAL PROBLEM OR A CHALLENGE MODERN EDUCATION
**Snezana MIRASCHIEVA, Emilija Petrova GJORGJEVA, Daniela KOCEVA**….339
66. ESCAPE FROM THE WAR –TIME IN THE UNCERTAINTIES OF LIFE TO REFUGEE IN BULGARIA. FUNDAMENTAL RIGHTS OF PERSONS SEEKING INTERNATIONAL PROTEKTION IN TERMS OF THE BUREAUCRATIC SYSTEM IN BULGARIA
**Pavlin PETROV**……344
67. HIGHER EDUCATION IN THE PERIOD OF TRANSITION
**Verica JOSIMOVSKA**……353
68. RESEARCH OF THE CONFLICT ZONES IN THE SYSTEM OF INTERPERSONAL RELATIONSHIPS OF THE CHILD BY THE METHODOLOGY OF RENE GILLE
**Julia DONCHEVA**……356
69. CLASSROOM SOCIAL CLIMATE
**Despina SIVEVSKA**……360
70. COMPATIBILITY OF PRESCHOOL AND PRIMARY SCHOOOL CURRICULA IN R. MACEDONIA
**Snezana JOVANOVA-MITKOVSKA, Biljana POPESKA**……366
71. THE IMPORTANCE OF THE CAREER CONSELING PROCESS
**Tanja ATANASOSKA, Biljana CVETKOVA DIMOV, Ana GJORGJEVA**……376
72. ROLE OF MANAGEMENT IN IMPLEMENTING EDUCATION INCLUSIVE POLICIES
**Sadete TERNAVA-OSMANI, Voglushe KURTESHI**……380
73. WHICH FACTORS ACCORDING TO THE PARENTS AFFECT THE EDUCATION OF CHILDREN
**Voglushe KURTESHI**……385

74. THE PHILOSOPHICAL PARADIGM OF SIGMUND FREUD
**Slobodan MARKOVIC**…………………………………………………………….....370
75. EDUCATIONAL NEEDS AND ACHIEVEMENTS OF ROMA CHILDREN AND OTHER CHILDREN FROM MARGINAL ETHNIC GROUP IN RM
**Stevan ALEKSOVSKI**……………………………..…………………………….....377
76. COMMUNICATIVE-PEDAGOGICAL FEATURES OF COMMUNICATION IN THE EDUCATIONAL PROCESS-COMMUNICATIVE COMPETENCE
**Biljana GRAMATKOVSKI, Jasminka KOCHOSKA**………………………………..387

UDK: 37.017:811.163.3-028.31

# LANGUAGE CULTURE – A SEGMENT OF LANGUAGE EDUCATION

**Violeta NIKOLOVSKA** [1]

**Abstract**

*This paper will focus on education in the teaching subject mother tongue at all levels: primary, secondary and higher education. We will take into consideration the contents taught within this course and how these contents can be classified according to the scientific classification into scientific fields, areas and disciplines. We will dwell especially on the scientific discipline of language. The contents studied in this area are primarily contents in the area of mother tongue grammar (phonetics and phonology, morphology, syntax and morpho-syntax). We will point out the importance of the contents of the subject area of expression and creation. These contents, as well as some of the contents taught in the subject of language, significantly affect the shaping of pupils' and students' language culture. We will indicate that what students should achieve in classes of the teaching subject mother tongue is not only a degree of linguistic education in the area of grammar, but also linguistic culture. The acquisition of language culture should become an important segment in pupils' and students' language education since it will raise the level of their general culture and it will be an important feature of them as future intellectuals. This paper will look into what contents language teaching should include, that are related to the acquisition of language culture.*

**Keywords:** *language culture, education, mother tongue, subject area, grammar.*

# ЈАЗИЧНАТА КУЛТУРА – СЕГМЕНТ ОД ЈАЗИЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Апстракт**

*Во трудот ќе стане збор за образованието по предметот мајчин јазик на сите степени: основно, средно и високо образование. Ќе се осврнеме на содржините што се изучуваат во рамките на овој предмет и на тоа како можеме тие содржини да ги групираме според научната класификација по научни полиња, подрачја и области. Ќе се задржиме посебно на научното подрачје јазик. Содржините што се изучуваат во ова подрачје се содржини првенствено од областа на граматиката (фонетика и фонологија, морфологија, морфосинтакса и синтакса) на мајчиниот јазик. Ќе укажеме на важноста што во јазичното образование ја имаат содржините од предметното подрачје изразување и творење. Овие содржини, како и некои од содржините што се изучуваат во предметното подрачје јазик, битно влијаат врз оформувањето на јазичната култура на учениците и на студентите. Ќе укажеме на тоа дека она што учениците и студентите треба да го стекнат на часовите по предметот мајчин јазик, не е само извесен степен на лингвистичка наобразба од областа на граматиката, туку и јазична култура. Стекнувањето на јазична култура треба да стане важен сегмент во јазичното образование на учениците и на студентите со оглед на тоа што ќе го издигне степенот на нивната општа култура и ќе претставува важна одлика на нив како идни интелектуалци. Во трудот ќе се осврнеме и на тоа кои содржини треба да ги опфати наставата по мајчин јазик, а кои се во врска со стекнувањето на јазичната култура.*

[1] Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia, violeta.nikolovska@ugd.edu.mk

**Клучни зборови:** *јазична култура, образование, мајчин јазик, предметно подрачје, граматика*.

Излагањето ќе го започнеме со прашање: што е тоа што не го знаеме за мајчиниот јазик, а го учиме? И зошто го изучуваме предметот мајчин јазик? Јазикот се врзува со идентитетот. На старословенски со зборот ѩзыкъ се означувал и јазикот и народот што го зборува тој јазик ( Угринова-Скаловска, 1979: 168). Негувајќи го јазикот, една заедница го чува и го негува својот идентитет. Во книгата „За македонцките работи", која за нас е од непроценливо значење, Мисирков во врска со мајчиниот јазик, народниот јазик, поставува неколку тези: Јазикот на еден народ е негово духовно богатство и наследство. Се предава од едно на друго поколение. Чувајќи го јазикот, народот останува верен на духот на своите прадедовци. Оној што се откажува од својот народен јазик се откажува и од народниот дух. Милоста, љубовта кон народниот јазик е наш долг и наше право. Правото да го браниме нашиот јазик ни е свето (Мисирков, 1974: 133-134).

Самиот назив мајчин јазик го вклучува во себе поимот предание. Тоа е јазикот што се предава од колено на колено, од родител на дете. Овој јазик е одраз на народниот дух, на духот на еден народ. Тоа е традицијата што се наследува. Нешто по што народот се препознава како народ. Затоа, секоја држава го вклучува изучувањето на мајчиниот јазик во својот образовен систем. Тоа е одговорот на едното прашање. Но што е тоа што се изучува за мајчиниот јазик, а не го знаеме ние како негови родени говорители?

Нашиот македонски јазик има 31 глас (и исто толку графички знаци за нив – букви). Како е можно со само 31 глас да се пренесуваат толку многу соопштенија, да се пишуваат научни дела и прекрасна уметничка литература? Тоа е она што се изучува на часовите по мајчин јазик од областа на подрачјето јазик. Тајната на граматиката. Тајната на јазикот разбран како систем, како динамичен жив организам подложен на промени.

Како се остварува тоа само со 31 глас да пренесуваме неограничен број на информации? Ќе се задржиме малку на ова прашање (повеќе за ова види во Николовска, 2012).

Јазичните единици се комбинираат на различни нивоа. Секое ниво го изучува посебна лингвистичка поддисциплина. Најниско ниво е фонолошкото ниво. Единиците на ова ниво и не претставуваат знаци во вистинска смисла на зборот, бидејќи имаат само гласовен израз, а немаат содржина, немаат значење. Сепак, влегувајќи во комбинација едни со други, тие учествуваат во разликувањето на значењата.

Единици на фонолошкото ниво на јазикот се фонемите. Тие се апстрактни, инваријантни единици. Тие имаат свои конкретни реализации, наречени гласови или алофони. Алофоните се варијантите во изговорот на фонемите. Секој од нас има различна боја на глас и различен облик на усната празнина која служи како резонатор на звукот. Овие разлики ги даваат индивидуалните алофони. Алофоните можат да бидат и позициски, условени од контекстот. Различно се изговара гласот ***н*** во зборовите *небо* и *банка.* Различно се изговара гласот ***л*** во зборовите *лето, лице* и *лубеница.*

Разликувањето на конкретното од апстрактното, варијантното од инваријантното, е потребно методолошко разликување во науката за јазикот. На тој начин се разликува она што е јазик (апстрактен систем од знаци) од она што е говор (негова практична реализација). Предмет на науката за јазикот, на граматиката, е она што е инваријантно, апстрактното.

Да се вратиме на организацијата на јазичниот систем. И фонемите се анализираат. Се анализираат на нивни фонетски карактеристики, признаци. Дел од овие фонетски признаци учествуваат директно во смислоразликувачката функција на фонемата, тоа се дистинктивните признаци, а дел од фонетските признаци се придружни, не учествуваат директно во смислоразликувачката функција на фонемата, а тоа се редундантните признаци. На пример, зборовите *бара* и *пара* се разликуваат само по една фонема. Фонемите /б/ и /п/ се разликуваат само по еден фонетски признак, дистинктивен, кој ја донесува разликата во значењето, а тоа е признакот звучност: фонемата /б/ е звучна, а фонемата /п/ е безвучна. Во некои наши говори, дистинктивна функција има акцентот: јáде (сега во моментот) и јадé (на пр. вчера).

Со комбинација на единиците од фонолошкото ниво на јазикот се добиваат единици од следното јазично ниво – морфолошкото ниво. Единици на морфолошкото ниво се морфемите и

зборовите. Морфемите се најмали јазични единици кои имаат и израз и значење. Во зависност од нивната функција, тие можат да бидат: лексички, деривациски и флексивни морфеми. Лексичките или коренски морфеми го донесуваат основното значење на зборот. Деривациските и флексивните морфеми ова значење го дополнуваат, го модификуваат. На пример, во серијата лексеми *стол, столар, столови, столовите,* коренска морфема е морфемата *стол-.* Таа го донесува основното значење на серијата еднокоренски лексеми. Со морфемите *–ар, -ови, -те* основното значење на морфемата *стол-* се модификува. Со морфемата *–ар,* се изведува нов збор што означува нов поим, нов референт во стварноста - 'човек што изработува столови (и дрвенарија за домаќинството)'; со морфемата *–ови* се означува дека има повеќе од еден стол и со морфемата *–те* се нагласува дека за тие столови веќе сме зборувале, познати ни се. Морфемите со кои се добиваат нови зборови како единици на речникот на јазикот се наречени деривациски морфеми (морфемата *–ар*), а морфемите кои ја даваат граматичката промена на зборовите се наречени флексивни морфеми (морфемите *–ови, -те*). Морфологијата го изучува зборот од аспект на неговата граматичка промена. Зборовите имаат свои парадигми, граматички промени. При тоа, тие лексички не се менуваат, туку добиваат различни категоријални граматички значења: на пример, глаголите се менуваат по граматичките категории време, начин, лице, број; придавките по род и број; именките по број итн. Граматичките категории на зборовите (нивните категоријални значења) можат да бидат селективни и парадигматски. Селективна е онаа граматичка категорија по која зборот не се менува, туку бира еден член од неа, на пр. категоријата род кај именките, категориите преодност и вид кај глаголите. Парадигматска е онаа категорија по која зборот се менува, како на пр. број кај именките и род и број кај придавките, лице и број кај глаголите. Другите лингвистички поддисциплини го изучуваат зборот од други аспекти.

Со значењето на зборот се занимава семантиката и лексикологијата, со неговото потекло и развој низ времето – етимологијата. Лексикологијата се занимава и со староста на зборовите, со нивното потекло, стилски карактеристики, фреквенција на употреба. Деривацијата или зборообразувањето се занимава со постапките на изведување на нови зборови во речникот на јазикот.

Во зборообразувањето се разликуваат неколку типови на деривација (Конески, 1995): лексичко – семантичка (семантичка), лексичко – синтаксичка (синтагматска), морфолошко – синтаксичка (транспозициска) и морфолошка (афиксална). Првиот тип на деривација е семантичка деривација: на старите зборови им се придаваат нови значења. На пр. *градинка* со значење не 'мала градина', туку 'установа за згрижување на деца'; *глувче* не со значење на 'мало животно', туку на алатка од компјутерот. Вториот тип на деривација е синтагматска деривација. Се работи за образување на сложени зборови од типот: *долгоочекуваниот, длабокопочитуваниот, риболов, дрворед* и сл. Третиот тип на деривација е наречен и синтаксичка конверзија. Тоа е појава кога еден збор, без додавање на некакви очигледни јазични средства преминува од една во друга зборовна група, поточно во реченицата може да се јави и во позиции примарно карактеристични за друга зборовна група. На пример, во синтагмата *убаво момче* зборот *убаво* е придавка, за разлика од зборот *убаво* во реченицата *Елена пее убаво,* кој претставува прилог, и тоа за начин, кој во реченицата врши функција на прилошка определба за начин. Четвртиот тип на деривација е афиксалната деривација, деривацијата со морфолошки средства – морфеми: *стол-ар, злат-ар, про-чита, до-гледа.*

Со комбинација на единиците од морфолошкото ниво на јазикот се добиваат единиците од највисокото јазично ниво, синтаксичкото, а тоа се речениците. Речениците се образуваат со посебни правила. Овие правила се изучуваат во синтаксата. Единици на синтаксата се синтагмата, или според нашата граматичка терминологија - именската група, реченицата и сложената реченица. Синтагмата е таква синтаксичка единица во која нема предикација изразена со лична глаголска форма. Се кажува нешто за некого или за нешто без да се употреби лична глаголска форма: *кутија за накит, марамчиња за нос, другарка ми од Охрид.* Реченицата е таква синтаксичка единица во која имаме предикација изразена со лична глаголска форма: *Кутијата служи за чување накит. Марамчињата се за нос. Другарка ми е од Охрид. Елена убаво пее. Јане трча.* Кога реченицата содржи повеќе од еден предикат изразен со лична глаголска форма, тоа е сложена реченица: *Влегоа внатре и состанокот започна. Дојде дома и седна да јаде. Излезе надвор и силно вдиша од чистиот воздух.*

Како посебна лингвистичка поддисциплина се изделува лингвистиката на текстот или текст(уалната) лингвистика. Таа ги утврдува начините на поврзување во рамките на еден текст како што се референцијата (соднесувањето на јазичните единици што влегуваат во рамките на текстот),

елипсата (испуштањето на елементи познати од контекстот или ситуацијата на зборување), конјункцијата со посебни јазични единици (конектори или сврзници) и лексичкото поврзување.

Ова беше приказот на јазичниот систем организиран на неколку различни нивоа. Ова беше сликата на граматиката која се изучува по предметот мајчин јазик, подрачјето јазик, на сите нивоа на образование. Се изучува како е можно со 31 глас да оствариме толку многу соопштенија. Се изучува јазичниот систем.

На часовите по мајчин јазик се изучува јазичниот систем што е карактеристичен за мајчиниот јазик. Постојат општи законитости кои важат за сите јазици, но тие се изучуваат на повисоко образовно ниво, на филолошките студии, во содржините на предметот општа лингвистика.

На часовите по предметот мајчин јазик се изучува уште едно предметно подрачје, а тоа е подрачјето изразување и творење. Содржините од ова предметно подрачје, според Научната класификација на полиња, подрачја и области спаѓа во областа јазик. На часовите по предметот мајчин јазик се изучуваат содржини од научното поле хуманистички науки, од две подрачја: подрачјето Наука за јазикот (лингвистика) и подрачјето Наука за книжевност. Содржините од подрачјето изразување и творење спаѓаат во подрачјето Наука за јазикот, областа Македонистика. Што се изучува во ова програмско подрачје? Во ова програмско подрачје постепено се стекнува јазична култура, култура на јазичното изразување.

Културата на јазично изразување се стекнува постепено. Во првите три години од основното образование, учениците се оспособуваат за правилно користење на македонскиот литературен јазик во меѓусебната комуникација. Се запознаваат со разликата меѓу стандардниот јазик и дијалектите. Стандардниот јазик е оној вид на наддијалектна форма, варијантност на националниот јазик што претставува еден вид на социолект. Тој е резултат на конвенција, резултат на договор меѓу одредена група на општествено активни и одговорни лица, во одредени временски и историски околности. Како таков, тој се кодифицира (пропишува со законски акти) и се налага за употреба на целата територија на државата која го прогласува за свој стандарден јазик.

Една од фазите во развојот на овој стандарден јазик е неговата култивација, поточно култивацијата на литературнојазичната норма. Што претставува оваа фаза од развојот на стандардниот јазик? Откако ќе се избере она што треба да биде норма на стандардниот јазик, ќе се опише и со соодветни законски акти таа норма и тој стандарден јазик ќе се кодифицираат, настапува она што е разработка на нормата на стандардниот јазик, со цел таа да може да ги исполни сите функции во општеството кои ú се доделени. Затоа, се пристапува кон нејзина елаборација (разработка за да може да ја врши својата функција во различни домени од општествениот живот), акцептуација (службено, правно прифаќање на нормата на стандардниот јазик), имплементација (нејзина реална примена во сите сфери на јавната комуникација во заедницата што ја користи), култивација (нејзино негување), нејзина постојана евалуација (проценување колку нормата е прилагодена на актуелните потреби на заедницата што ја користи) и по потреба – нејзина реконструкција (за фазите во развојот на нормата на стандардниот јазик в. Radovanović, 1979: 83-93). На овој начин, прифатената (со законски акти и службено) норма на стандардниот јазик е во можност да биде таква каква што треба да биде – еластично стабилна. Стабилна – за да биде одраз на континуитетот и традицијата во употребата, и еластична – за да одговара на потребите на актуелниот, современ живот во сите домени од општеството.

Јазичната култура е битен сегмент од развојот на нормата на стандардниот јазик. Со неа се врзува и нешто што е многу важно за живеењето на јазикот во едно општество, а тоа е јазичниот статус. Во теоријата на јазична политика и планирање, научни дисциплини произлезени од модерната социолингвистика, под поимот јазичен статус се подразбира перципираната релативна вредност на еден јазик којашто е во врска со социјалната полезност на тој јазик (Ricento, 2006: 5). Според оваа теорија, социјалната полезност, вредност на јазикот, опфаќа два моменти: т.н. пазарна вредност на јазикот како средство за комуникација во средината и низа субјективни карактеристики кои се во врска со општествената јазична култура. Значи, јазичната култура игра важна улога во остварувањето на статусот на еден јазик во заедницата што го има како стандарден и неговата реална улога во социјалната средина. Токму затоа, јазичната култура станува важен сегмент во образованието, а во врска со предметот мајчин јазик.

Програмското подрачје изразување и творење, во рамките на предметот мајчин јазик, присутно низ сите девет години на основното образование ја има функцијата да ја формира јазичната

култура на учениците. Со воведувањето најпрвин на разликата стандарден јазик – дијалекти и различните сфери на нивна употреба, учениците се воведуваат во користењето со стандардниот јазик, најпрвин во училиштето, а подоцна и во сите сфери на јавната комуникација. Низ сите степени на основното образование, учениците ги усвојуваат говорните вештини и го збогатуваат речникот, со што се влијае на нивната јазична култура. Почнувајќи од вежби на слушање и говорење, преку најелементарно опишување на предмети од непосредното опкружување, прераскажување на настани слушнати од некој друг и од сопствено доживување, раскажување по дадени тематски зборови и елементарни текстови, до прераскажување на уметнички дела, сценски изведби, прочитани текстови во весници, раскажување по хронологија и ретроспективно раскажување, учениците се извежбуваат во подрачјето на изразување со јазикот и творење. Етапно, од поелементарни кон сложени, учениците развиваат вештини на усно и писмено говорно изразување. На пример, во седмо одделение од учениците се очекува да ја согледаат моќта на зборовите за културна комуникација – *молам, повелете, извинете, благодарам.* Говорните вештини се збогатуваат преку вежби на измислување на поинаков крај на текст по даден почеток, се опишуваат и се прераскажуваат ТВ-емисии, театарски и филмски претстави. Учениците пишуваат соопштение и вест. Во осмо одделение од учениците се бара да смислат почеток на текст според даден крај, усно и писмено да дадат личен став за гледана емисија, филм, театарска претстава и новинарски текст. Да составуваат молба, жалба, записник. Да пишуваат есеј. На крајот на деветтото одделение, во областа на изразувањето и творењето, учениците треба да бидат оспособени за правилно користење на нормата на стандардниот јазик за различни форми на усно и писмено изразување.

Во средното образование сегментот изразување и творење го нема во предметната програма по мајчин јазик, за на крај содржини од оваа област да сретнеме во високото образование на различни студиски програми и на различни нивоа (прв и втор циклус). Така, на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, предметот Македонски јазик со култура на пишување и изразување го слушаат на прв циклус студентите по новинарство, а на втор циклус како изборен универзитетски предмет може да се земе предметот Македонскиот јазик во јавната комуникација. Што се однесува до средното образование, иако предметното подрачје изразување и творење не е застапено во предметната програма, дисконтинуитет нема, бидејќи учениците својата јазична култура ја надградуваат изучувајќи содржини (во предметното подрачје јазик) од општа лингвистика (Јазикот како систем од знаци; Функции на јазикот; Видови писма; Јазиците во светот и др.) и од областа на стилистиката. Се изучуваат карактеристики на функционалните стилови како варијантности во користењето на стандардниот јазик, се изучуваат и содржини од областа на правописот и правоговорот.

На овој начин, јазичната култура реално станува важен сегмент во образованието по предметот мајчин јазик. Стекнувањето на јазична култура е можеби една од најважните придобивки од наставата по мајчин јазик, со оглед на тоа што таа (јазичната култура) на учениците и на студентите им служи како алатка низ целиот образовен систем и во општествениот живот воопшто.

Од друга страна, стекнувањето на јазична култура битно влијае на реалниот статус што јазикот го има во општеството, со оглед на тоа што, според теоретичарите на јазичната политика и планирање, статусот на јазикот не зависи исклучиво и неопходно од легалниот статус што јазикот го добива од државата преку извршните, законодавните и правните рамки. Тоа е само неопходниот минимум. Во градењето на јазичниот статус улога играат и други фактори кои бараат повеќе од законска одлука: естетски, психолошки и идеолошки. Битен фактор за јазичниот статус е и јазичната култура, поради што нејзиното вклучување како сегмент од образовниот систем е особено важно.

**Литература**

Биро за развој на образованието. *Наставни програми.* http://bro.gov.mk/?q=mk/nastavni-programi (прочитано на 12. 03. 2015)

Конески, К. (1995). *Зборообразувањето во современиот македонски јазик.* Скопје: Бона

Мисирков, К. П. (1974). *За македонцките работи* (јубилејно издание по повод стогодишнината од раѓањето на авторот). Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков"- Скопје, Посебни изданија, книга 8.

Николовска, В. (2012). *Македонски јазик со култура на изразувањето*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев".

Угринова-Скаловска, Р. (1979). *Старословенски јазик*. Скопје: Универзитетска печатница „Кирил и Методиј".

Radovanović, M. (1979). *Sociolingvistika.* Beograd: BIGZ.

Ricento, Th. (2006). Theoretical Perspectives in Language Policy: An overview. In Th. Ricento (Ed.). *An Introduction to Language Policy: Theory and Method* (pp 3-10). Blackwell Publishing Ltd.